Август 2022

MELBOURNE AIRPORT

# Билтен на заедницата бр.1


План за развој на трета писта на Аеродромот Мелбурн

**Добредојдовте во првото издание на Билтенот на заедницата на Аеродромот Мелбурн, каде ве информираме за нашето работење и проекти, плановите за писти и други поврзани вести.**

Аеродромот Мелбурн е важен центар за австралиските меѓународни и домашни мрежи и во моментов бара одобрение од федералната влада за изградба на нова писта во правец север-југ, што како резултат ќе предизвика промени на воздушните патеки околу Мелбурн. Важно е да бидете информирани за она што се случува и да продолжиме да слушаме што е важно за вас.

## **Јавен повик за претставување на** преднацртот на Главниот план и преднацртот на Главниот развоен план за трета писта

Им благодариме на сите кои учествуваа во јавното советување за претставување на преднацртот на Главниот план и преднацртот на Главниот развоен план за трета писта. Ви благодариме за времето што го одвоивте за да учествувате, што дадовте коментари и поставивте прашања. Добивме околу 3.000 поднесоци. Сега тимот ги прегледува покренатите прашања и барања, и врши промени онаму каде е можно.

Во текот на 104-те дена на советување, тимот одржа повеќе од 50 средби за информирање во заедниците Килор, Санбери, Футскреј, Алтона, Була, Тејлорс Лејкс и Саншајн, како и бројни онлајн сесии.


Разговор со заедницата Алтона

На електронскиот изложбен портал за онлајн ангажман имавме десетици илјади посетители и одржавме средби за ангажман со 61 општински совети, членови на Парламентот и владини тела.

Преведовме информации на седум јазици, додадовме дополнителни настани како одговор на коментарите од заедницата и одговоривме на илјадници прашања.

Преднацртот на Главниот план ги претстави главните црти на идниот развој на аеродромот, а преднацртот на Главниот развоен план за трета писта даде преглед за предложената трета писта. Аеродромот Мелбурн се наоѓа на земјиште на Комонвелтот и подлежи на законодавството на Комонвелтот во согласност со Законот за аеродроми (1996). Australia Pacific Airports раководи со Аеродромот Мелбурн којшто е закупен од федералната влада.

**Приклучете се во разговорот**

my.melbourneairport.com

**Контакт**
Телефон: (03) 9297 1597
Е-пошта: newrunway@melair.com.au

# Постапка за одобрување на преднацртот на Главниот план за 2022 и нацртот на Главниот развоен план за трета писта

Бидејќи периодот за јавно претставување заврши, нашата работа се пренасочи кон соодветно разгледување на сите примени поднесоци и кон ажурирање на преднацртот на Главниот план и преднацртот на Главниот развоен план за трета писта. Онаму каде што е можно ќе се извршат промени за да се задоволат барањата на заедницата или областите од интерес. Штом ќе се ажурираат, ќе ги поднесеме плановите и придружните дополнителни извештаи, вклучително сите поднесоци примени во текот на јавното советување за претставување, на разгледување кај федералниот министер за инфраструктура, транспорт, регионален развој и локално управување.

## Краток преглед на постапката*

- Испитување на нацртот на Главен план (ГП) и нацртот на Главен развоен план (ГРП); коментари дадени од заедницата — **2019 - 2021**
- Јавно советување за претставување на нацртот на ГП и ГРП — **Февруари - мај 2022**
- Соодветно разгледување на поднесоците за ревизија и финализација на нацртот на ГП и ГРП — **Мај - септември 2022**
- Поднесување на нацртот на ГП кај министерот — **Септември 2022**
- Министерска одлука за нацртот Главен план — **крај на 2022 година**
- Поднесување на нацртот на ГРП за трета писта во Мелбурн кај министерот — **крај на 2022**
- Министерска одлука за ГРП за трета писта во Мелбурн — **прва половина на 2023**
- Детален дизајн на третата писта во Мелбурн и план за изградба, вклучувајќи детален дизајн на воздушниот простор и воздушните патеки — **2023**
- Изградба на нова писта во рок од 4 - 5 години — **2024**
- Предавање во употреба на нова писта север-југ — **2028 - 2030**

*временските рокови подлежат на одобренија

## Теми што произлегоа од јавното советување за претставување

За време на јавното советување за претставување луѓето зборуваа за различни теми.

- Вредност на имоти
- Влијание на заедницата
- Постапка на одобрување
- Економска можност
- Локално вработување
- Закрепнување од пандемијата
- Постојани промени на однесувањето во однос на патувањата
- Емисии на гасови и климатски промени
- Исфрлање на гориво и загадување
- Влијанија на бучавата
- Квалитет на живеење и здравје
- Безбедност
- Зошто не во Авалон или југоисточно?
- Аеродромска пруга
- Долгорочно планирање

## Дали некогаш сте размислувале за кариера во воздухопловството?

Аеродромот Мелбурн, како и аеродромите и воздухопловните компании во целиот свет, се соочуваат со голема побарувачка бидејќи луѓето повторно патуваат. Со ова се јавува потребата да се пополнат разни работни места на аеродромот. Скенирајте го QR-кодот за список со тековни слободни работни места во областа на Аеродромот Мелбурн.





## Дотации за заедницата
## од Аеродромот Мелбурн

Десет центри на заедницата и Neighbourhood Houses што им нудат поддршка на заедниците во северниот и западниот дел на Мелбурн, ќе споделат повеќе од 100.000 долари преку Програмата за дотации на заедницата од Аеродромот Мелбурн 2022. Воспоставени во 2019 година, дотациите за заедницата овозможуваат проекти за образование и вработување како дел од нашето ветување да им помогнеме на заедниците во близина на аеродромот.

Во август 2022 беа доделени дотации од 10.000 долари на 10 Neighbourhood Houses.



### Број на патници во јуни 2022

Вкупен број на патници (исклучувајќи транзити)

**2,307.261**

↑ **556%** во споредба со јуни 2021

Домашни патници

**1,842.335**

↑ **465%** во споредба со јуни 2021

Меѓународни патници

**464.926**

↑ **1714%** во споредба со јуни 2021

### Број на патници во финансиската 2021/22 година

Вкупен број на патници (исклучувајќи транзити)

**12,936.947**

(37,395.992 Вкупен број на патници во ФГ 2018/19)

↓ **65%** ФГ 2018/19 ↑ **110%** ФГ 2020/21

Домашни патници

**11,010.281**

(25,954.321 Вкупен број на патници во ФГ 2018/19)

↓ **58%** ФГ 2018/19 ↑ **85%** ФГ 2020/21

Меѓународни патници

**1,926.666**

(11,441.671 Вкупен број на патници во ФГ 2018/19)

↓ **83%** ФГ 2018/19 ↑ **736%** ФГ 2020/21

## Бучава

Аеродромот Мелбурн е главна порта на Викторија и важен учесник во економијата на државата. Низа закони, контроли на планирање и стратегии за ублажување помагаат да се балансираат економските и социјалните придобивки од аеродромот со влијанијата на бучавата во заедницата.

Локацијата на Аеродромот Мелбурн беше избрана за да се минимизира влијанието на авионската бучава врз населените области, но со текот на времето се дозволи развојот на станбени објекти да навлезе во границите на аеродромот и воздушните патеки. И покрај подобрувањето на модерните млазни мотори, авионската бучава продолжува да е неизбежен нуспроизвод од функционирањето на аеродромот.

За време на јавното претставување, слушнавме за предизвиците со кои се соочуваат заедниците во близина на воздушните патеки и за потребата да се контролира бучавата и квалитетот на воздухот. Аеродромот Мелбурн веќе има две станици за контрола на квалитетот на воздухот: една на аеродромот, јужно од постоечката писта север-југ, и друга источно од пистата исток-запад на 317-349 Mickleham Road, Westmeadows. Соработуваме со Airservices Australia за да ја контролираме авионската бучава во околните заедници и во моментов испитуваме опции за контролирање на зголемена бучава како одговор на коментарите што ги примивме.

За повеќе информации за авионската бучава и предложените писти во вашата област, посетете ја нашата електронска алатка за бучава до која можете да пристапите преку Центарот за виртуелни посетители (Virtual Visitor Centre) на **www.melbourneairport.com.au/runway**

За да поднесете поплака за авионска бучава, посетете **www.airservicesaustralia.com/community/environment/aircraft-noise**

